Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16 и 83/18), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од А1 Србија д.о.о. Белград, со регистрирано седиште на ул. Милутин Миланковиќ 1ж, Белград, Србија, преку Златко Кујунџиски, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 10.05.2023 година, го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**

1. Се утврдува дека концентрацијата со која А1 Србија д.о.о. Белград, со регистрирано седиште на ул. Милутин Миланковиќ 1ж, Белград, Србија, стекнува директна единствена контрола над средства – празна телекомуникациска канализациона цевка, кои преставуваат дел од друштвото Конексио д.о.о. Белград, со регистрирано седиште на ул. Ѓоѓе Станојевиќ 12, стан II, Белград, Србија по пат купопродажба на средства, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2.Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6.000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11) на сметка на Буџетот на Република Северна Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

## Образложение

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата, на ден 07.04.2023 година, а дополнето на 18.04.2023 година, 27.04.2023 година и 02.05.2023 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисија) беше доставено известување за концентрација од страна на А1 Србија д.о.о. Белград, со регистрирано седиште на ул. Милутин Миланковиќ 1ж, Белград, Србија, со која А1 Србија д.о.о. Белград стекнува директна единствена контрола над средства – празна телекомуникациска канализациона цевка, кои преставуваат дел од друштвото Конексио д.о.о. Белград, со регистрирано седиште на ул. Ѓоѓе Станојевиќ 12, стан II, Белград, Србија, по пат на купопродажба на средства.

Планираната Трансакција се состои од стекнување на директна единствена контрола од страна на А1 Србија д.о.о. Белград врз средства – празна телекомуникациска канализациона цевка, кои преставуваат дел од друштвото Конексио д.о.о. Белград.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополните и прилозите кон истото, го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

**А1 Србија д.о.о.** е индиректна фирма ќерка на А1 Телеком Австрија Групацијата и истата е давател на јавни мобилни и фиксни телекомуникациски услуги, како и услуги на обезбедување на интернет пристап и давање интернет услуги, изнајмување на инфраструктура за вршење електронска комуникациска дејност, изнајмување на електронски комуникациски мрежни ресурси и дистрибуција на медиумски содржини.

А1 Телеком Австрија Групацијата претставува дел од Америка Мовил Групацијата и е активна во Република Северна Македонија преку:

- А1 Македонија ДООЕЛ Скопје (“А1 Македонија”) со седиште на Плоштад Пресвета Богородица бр.1, Скопје, Република Северна Македонија, кој е давател на мобилни телекомуникациски услуги, фиксни телефонски услуги, броадбенд интернет пристап и дистрибуција на медиумски содржини,
- Друштвото А1 Тауерс ДООЕЛ Скопје (“А1 Тауерс”) со седиште на Плоштад Пресвета Богородица бр.1, Скопје, Република Северна Македонија, кој е давател на услуги на

изнајмување на телекомуникациска инфраструктура – пристап до мрежни елементи и придружни средства, изнајмени линии и други услуги на јавна радио-комуникациска мрежа,

- Друштво за застапување и услуги ТЕЛЕМЕДИА ДООЕЛ Скопје со седиште на Плоштад Пресвета Богородица бр.1, Скопје, Република Северна Македонија, со дејности за дистрибуција на филмска, видео и телевизиска програма и
- Друштво за развој на информатичко компјутерско технолошки производи ЛИНВОРКС ДООЕЛ Скопје со седиште на Плоштад Пресвета Богородица бр.1, Скопје, Република Северна Македонија, со дејност компјутерско програмирање.

**Конексио д.о.о. Белград** има поставено своја инфраструктурна телекомуникациска транспортна мрежа со оптички влакна низ територијата на Република Србија, која се состои од една телекомуникациска канализациона цевка во која има инсталирано оптички кабел. Истовремено, во својата инфраструктурна телекомуникациска мрежа, Конексио д.о.о. Белград има поставено две празни резервни телекомуникациски канализациони цевки со периметар од 40мм („Резервни цевки”). Резервните цевки можат да се искористат за развивање на паралелна телекомуникациска транспортна мрежа со оптички влакна, независна од мрежата на Конексио д.о.о. Белград.

Целните средства (средствата предмет на продажба) се состојат од една Резервна цевка, чија сопственост ќе премине од Конексио д.о.о. Белград на А1 Србија д.о.о. Белград врз основа на Договорот, со што А1 Србија д.о.о. Белград ќе стекне директна единствена контрола врз Целните средства.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) точка 2) и од член 14 став (1) точка 1) и точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот за заштита на конкуренцијата, е во согласност со истиот бидејќи

нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Согласно член 53 став (2) од Законот за заштита на конкуренцијата тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на неговото доставување**.**

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Проф. Д-р Владимир Наумовски**